Анализа на родово базирани содржини:




# Родовите дезинформации препрека за жените во спортот

Анализа на родово базирани содржини:

# Родовите дезинформации препрека за жените во спортот

Институт за комуникациски студии

respublica

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
м-р Бојана Јовановска
м-р Сара Миленковска

**Уредник:**
м-р Дејан Андонов

**Лектор:**
Ружица Пејовиќ

**Графички дизајн:**
Игор Делов

**Место и година:**
Скопје, 2024

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

# Вовед

Едно од најзначајните достигнувања на овогодишните Летни олимписки игри беше фактот дека официјално е достигната родовата еднаквост преку бројно еднаквото учество на мажите и жените во спортските игри. Меѓутоа, и покрај овие достигнувања, во светот сѐ уште не постои целосна родова еднаквост и рамноправност. Според извештајот за Глобалниот родов јаз на Светскиот економски форум, се проценува дека ќе бидат потребни уште 131 година за да се постигне целосна родова еднаквост низ светот. Но културните и социјалните норми сѐ уште се водат од родовите стереотипни очекувања од жените и девојчињата.

Со цел да се разобличат негативните ефекти на родовите стереотипи и родовите дезинформации, потребно е да се креира средина во која критички се анализираат информациите, а медиумите работат на создавање општествена одговорност и придонесуваат во застапувањето за еманципација на жените. Во таа насока, ова истражување има цел да ги истражи родово базираните содржини во медиумите за време на Летните олимписки игри, со посебен осврт на случајот со настапот на две боксерки - Имане Келиф и Лин Ју-Тин, кое е од клучно значење за да се разбере како наративите се конструирани за да ги поткопаат и да ги маргинализираат спортистките, особено оние што не се вклопуваат во традиционалните родови норми и очекувања.

Дезинформациите не само што влијаат на јавната перцепција за тоа како се перципирани женските спортисти, туку и ги продолжуваат штетните стереотипи,[1] придонесувајќи кон создавање антагонистичка средина за женските, за трансродовите и небинарните спортисти. Со анализирање на влијанието на ширењето лажни информации и пристрасни наративи за боксерките, ова истражување ја отвора тематиката на родовите дезинформации во спортот и пошироките импликации од нив. Исто така, целта е да се позанимава со правичното и точно претставување на овој тип

1 TROLL OF THE MONTH: Media coverage of Imane Khelif - Reporting Diversity Network

вести во медиумите, со надеж дека ќе ги унапреди напорите за поттикнување инклузивност и почит во спортската заедница кон жените. Користејќи го случајот на алжирската боксерка Келиф, може да се препознае намерното создавање дезинформациски наративи, кои, всушност, се темелат на веќе познати антиродови и трансфобични наративи и вредности. Без разлика што Келиф во повеќе наврати објави дека е родена како жена и се идентификува како жена, особено ако се земе предвид и нејзиното потекло од Алжир, каде што е невозможно да се направи промена на полот, тоа не беше доволно за овој случај да не биде злоупотребен од јавноста во антиродови цели.[2]

Наративот што беше доминантен во медиумите во Северна Македонија ги претстави боксерките Имане Келиф и Лин Ју-Тин како мажи, односно трансродови личности што се натпреваруваат во женска категорија, со што директно предизвика говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи. Освен тоа, Келиф беше напаѓана и поради нејзиниот изглед и раса, кои не се совпаѓаат со западните стандарди за убавина. Воедно, повеќе претставници на црквата ги споделија овие дезинформации на своите фејсбук-профили, поттикнувајќи дециден анти-ЛГБТИК+ сентимент. Антиродовите движења во земјата долго време активно шират дезинформации и го користат секој настан за да се засилат овие наративи. Наративи што Македонската православна црква и Коалицијата за заштита на децата често ги поддржуваат.

Оваа анализа, со наслов „Родовите дезинформации препрека за жените во спортот“, е петта анализа на родово базирани содржини што ја изработи Институтот за комуникациски студии во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, кој се реализира со поддршка на британската амбасада во Скопје.

2 Алжирската боксерка Имане Келиф, не е биолошки маж | Meta.mk

# Контекст на анализата

Самата анализа, освен што ги препознава различните механизми со кои се врши дисциплинирање на женското тело во јавноста и дискриминација, ќе помогне и кон идентификување на идните потенцијални случаи на однос кон жените во спортот, бидејќи случајот со Имане Калиф и пренесувањето на дезинформациите во однос на Летните олимписки игри не се единствените. Доколку се земе предвид поширокиот контекст, ќе се воочи дека двојните стандарди кон жените во спортот во минатото биле норма, а не исклучок. Од раните денови на истражувањето на спортските медиуми, истражувањата постојано покажуваат дека спортистките добиваат минимално медиумско внимание, честопати се маргинализирани или исклучени, особено во секојдневното известување (Toffoletti, 2016), дури и за време на славни настани како Олимписките игри (Делорме и Тестард, 2015; Салидо-Фернандез, 2020 година). Овој диспаритет произлегува од природата на спортските медиуми во која доминираат мажи, кои му даваат приоритет на машкиот спорт за главно машка гледаност. Жените не само што се недоволно застапени (Billings et al., 2010; Jones, 2013), туку треба да постигнат исклучителни резултати за нивните успеси воопшто да бидат признаени. Дури и кога има медиумска покриеност, жените често се прикажуваат на тривијализирачки, пристрасен или стереотипен начин, со фокусирање на нивните емоции, изглед или семејни улоги (Иглман, 2015; Равел и Гаро, 2016).[3] Самиот начин на известување веќе придонесува за доведување во прашање на припадноста на жените во спортот. Прашањето за тоа дали и кои жени припаѓаат во спортот не толку дискретно се проткајува низ наративите за жените во спортот, како и изгледот на спортистките и нивните успеси и неуспеси.

Во минатото, не биле само медиумите оние што ги стереотипизирале жените, туку самата родова дискриминација била институционализирана. На пример, меѓународните спортски управни тела, како што се Меѓународниот олимписки комитет (МОК) и меѓународното раководно тело за фудбал

3 Салидо-Фернандез, J. & Муњоз-Муњоз, А.М. (2021). Медиумско претставување на спортистките на Олимписките игри: систематски преглед. Apunts Educación Física y Deportes, 146,32-41.

Меѓународната фудбалска федерација (ФИФА), се обиделе да го промовираат женскиот спорт и учеството на жените во спортот. Меѓутоа, овие напори не укажуваат на тоа дека овие организации престанале да бидат институции на патријархална хегемонија (Финк, 2008; Вилијамс, 2014). Иницијативите за промовирање на женскиот спорт може едноставно да ја одразуваат потрагата по нови клиенти на сè позаситениот пазар за спортска забава. Како и да е, постојат докази дека таквите промотивни напори инспирирале поголемо учество на жените во спортската елита (на пример, Џејкобс, 2014).[4] Во мисијата[5] на Олимписките игри наведени се следните принципи:

> „да се поттикне и поддржи промоцијата на жените во спортот на сите нивоа и во сите структури со цел да се имплементира принципот на еднаквост на мажите и жените“.,

> „Но уште повеќе во оваа ситуација беа важни овие принципи за кои е клучно да се продолжи да се работи:

> „да дејствува против каква било форма на дискриминација што влијае на олимпиското движење;

> „да се промовира безбеден спорт и заштита на спортистите од сите форми на вознемирување и злоупотреба.“

Затоа дополнително се важни контекстот и нападот врз спортистките. Овој напад врз женственоста не е само напад врз изгледот, туку и врз самата вклученост и мотивацијата да бидат вклучени жените во спортот. Во 2024 постои зголемено ниво на антиродови наративи во јавниот простор, но значајно е да се разбере дека сепак оваа практика на родово дезинформирање и стереотипизирање има континуитет. Дисциплинирањето на женското тело и изглед во спортот особено е практика поврзана со успесите што жените ги имаат во спортот. Тенисерката Серена Вилијамс во повеќе наврати била навредувана во медиумите и се ставал под прашалник незиниот пол[6] - додека коментарите биле насочени кон нејзините мускули и перформанс. Но тука, особено ако се поврзе и случајот со Имане и другите спортистки, не смее да

4 Women in International Elite Athletics: Gender (in)equality and National Participation

5 https://olympics.com/ioc/mission

6 https://www.businessinsider.com/serena-williams-responds-to-accusations-she-was-born-a-man-2018-5

се изостави расниот елемент. Всушност, според анализата на Гровер, често бледнее линијата помеѓу родот и полот кога расизмот, мизогинијата и трансфобијата ги дефинираат поимите за женственост во светот на елитните спортови[7].

Во таа насока, уште пред 15 години, ситуацијата со Кастер Семења е моќен пример за тоа како медиумите можат да ги репродуцираат родовите дезинформации и да поттикнуваат јавни расправи што се базираат на дискриминаторски ставови. Наместо да се слави нејзиниот исклучителен успех како спортистка, централна точка на медиумското известување станаа нејзиниот пол и идентитет. Ваквото известување не само што ја нарушува приватноста на спортистите, туку и ги нормализира јавниот скептицизам и дискриминацијата против жените што не се вклопуваат во традиционалните норми за женственост. Но, и како што Гровер укажува, жените со друга боја на кожата, особено црните жени, често се маскулинизираат и дефеминизираат од страна на глобалниот север, што води кон нејасна пристрасност, која придонесува за дискриминација врз основа на нивниот изглед. Влијанието на хетероцентризмот и етноцентризмот го поставува прототипот на жената како хетеросексуална и бела. Според тој пристап, за медиумите, големите раце, широките раменици и силната вилица на Семења ја разликуваат од традиционалните стандарди за убавина во Западна Европа и Северна Америка, правејќи ја воранлива на контролата на Асоцијацијата. Но вака поставените стандарди за убавина, но и третман на спортистките, понатаму ги прават дополнително подложни да бидат жртви на родови дезинформации и дигитално насилство. Потоа, случајот со Симоне Блис[8] олимписка гимнастичарка, чија успешност ја насловуваат „фриковски атлетизам", повторно укажува дека наративите околу црните жени се полни со дискриминација и стереотипизирање, кое има колонијална и расистичка историја. На пример, расистичките описи што ги понижуваат телата на црните жени - и делови од телото, вклучувајќи рамни носови, големи задници или опишување преку животински карактеристики, имаат колонијална историја и практика. За ова да биде можно - мора да се види коренот. Можеби најклучниот и добро документиран случај што има влијаено врз културата

7 Straddling the line between gender and sex: How racism, misogyny, and transphobia intertwine to define notions of womanhood in the world of elite sports

8 https://www.newyorker.com/magazine/2016/05/30/simone-biles-is-the-best-gymnast-in-the-world

на тоа како се третираат женските тела, особено на црните жени, е Сара Бартман. Сара Бартман (исто така позната како Саартје, Саарџи или Сара) била Јужноафриканка што била донесена насила и потоа претставувана низ човечките зоолошки градини и циркуси во Англија и Франција во почетокот на 19 век, врз чие тело се креирале многу фиктивни расистички и сексуализирани стереотипи за црните жени. Денешните стереотипи постојат во контекст, денешните дезинформации постојат во веќе поставени стандарди за убавина, женственост и родови очекувања.

Значајно е да се напомене дека константните физички повреди на нивните тела за време на натпревари и тренинзи, за кои спортските психолози[9] потврдуваат дека се опасни за кариерата, може да го разоткријат најдлабокото себевреднување на спортистките. Закрепнувањето не е само прашање на исцелителната моќ на биолошкото тело, дури и најмоќните спортистки можат да го изгубат чувството на самопочит и самоприфаќање, кои во голема мера се дел од нивната издржливост и успеси. Оттука, медиумското влијание врз нивната себеперцепција и вреднување може целосно да ја измести сликата, но и нивниот животен пат преку постојаното дигитално насилство.

9 What the dominance of black female athletes means to American culture - ESPN

# Методологија

Целта на оваа анализа беше да се идентификуваат и да се анализираат родово базираните содржини што се засновуваат на трансфобија и родови дезинформации во медиумското покривање на Олимписките игри, како случајот со Имане Келиф, како и дискусиите што ги предизвикаа на социјалните медиуми. Преку ова истражување критички се анализираа веќе постоечките наративи и стратегии за врамување што се користат во овие дискурси, со цел да се истражи влијанието на дезинформативните и родовите наративи врз јавното мислење и маргинализираните заедници, особено врз спортистките. Во однос на прегледот на литературата, особен фокус им беше даден на истражувања поврзани со жените и спортот, трансфобијата во спортот, особено во глобалните настани како Олимпијадата, феноменот на родовите дезинформации, вклучувајќи ги нивните форми, канали и влијанија, како и методите за анализа на дискурсот во медиумските студии. Преку оваа сеопфатна методологија, истражувањето има цел не само да ги открие дезинформативните родови наративи, туку и да даде препораки за справување со овие штетни дискурси во иднина.

За целите на оваа анализа беа поставени неколку истражувачки прашања:

1. Кои се доминантните теми и наративи околу жените во спортот во медиумите и на социјалните мрежи за време на Олимписките игри?
2. Како се користи родовата дезинформација за да се обликува перцепцијата на јавноста за жените во спортот?
3. Кои лингвистички и реторички стратегии се користат за пропагирање на трансфобијата во овие контексти?

Преку анализа на новинарски извештаи објавени на онлајн-медиумите и коментарите на социјалните мрежи поврзани со овие објави, оваа анализа опфати обработка на студија на случај, со примена на квалитативна анализа на содржини објавени во периодот меѓу 26 јули и 27 август 2024. Примерокот на истражувањето го сочинуваат 400 новинарски извештаи поврзани со

овогодишните Летни олимписки игри и со Имане Калиф што се објавени на онлајн-медиумите, како и 170 коментари на објави на новинарски извештаи на социјалните медиуми, поточно на платформите Фејсбук, Инстаграм и Јутјуб.

Родово базираните содржини беа анализирани преку неколку специфични аспекти: употребата на родови стереотипи, присуството на антиродови и трансфобични наративи и случаите на сексистички говор или говор на омраза. Освен тоа, истражувањето се фокусираше на идентификување на родовите дезинформации и употребата на сензационалистички јазик во таквата содржина, како и вклучување на критичко преиспитување на новинарските текстови и користењето на различни извори на информации.

# Студија на случај:

# Родово базирани наративи за време на Олимписките игри во Париз

## Отворање на Олимписките игри во Париз

На 26 јули 2024 година претседателот на Франција, Емануел Макрон, официјално ги отвори Летните олимписки игри во Париз, одбележувајќи ја 130-годишнината на Меѓународниот олимписки комитет, стогодишнината на Летните и Зимските олимписки игри, како и 235-годишнината од Француската револуција. Како што предвидува Олимписката повелба, церемонијата со која беа отворени Олимписките игри вклучи уметничка програма со прикажување на културата на земјата и градот-домаќин, парада на спортистите и палење на олимпискиот факел.

Еден од перформансите на церемонијата на отворањето брзо стана предмет на критики низ светот, кои беа пренесени преку медиумите, вклучително и во македонскиот медиумски простор. Критиките, кои пред сè доаѓаа од страна на црковни водачи и конзервативни политичари, се однесуваа на сличноста на еден од перформансите со библиската сцена на сликата „Тајната вечера“ на Леонардо да Винчи, кое некои го нарекуваа „исмејување“ на христијанството.[10] Притоа, фокусот на критиките, односно исмејувањето, се однесуваше на фактот дека во перформансот учествуваа дрег-кралици, трансродови лица и други јавни лица што ѝ припаѓаат на ЛГБТИ+-заедницата. Организаторите на настанот го негираа поврзувањето, како и намерата за нечие исмејување, со објаснување дека целта на сцената е да ја промовира различноста, како и да ѝ оддаде почит на француската гастрономија.

10 An Olympics Scene Draws Scorn. Did It Really Parody ‘The Last Supper’? - The New York Times

На 27 јули неколку медиуми ги пренесуваат критиките од страна на претставнички и претставници на различни земји во врска со церемонијата. Оттука, два новинарски извештаи ги пренесуваат изјавата на портпаролката на Министерството за надворешни работи на Русија, Марија Захарова, според која церемонијата има проблематични елементи и која *ја осуди ЛГБТ пародијата на „Тајната вечера", со „апостоли претставени како трансвестити.*[11] Уште два извештаи ги пренесуваат критиките упатени од страна на унгарскиот премиер Виктор Орбан, кој за отворањето на Олимписките игри вели дека нема јавен морал на Запад.[12] Неколку дена подоцна, шест новинарски извештаи ја пренесуваат изјавата на турскиот претседател Реџеп Таип Ердоган, кој отворањето на Олимписките игри го нарекува *морална навреда за христијаните и за нас.*[13] Она што е заедничко за овие новинарски извештаи е што пренесуваат изјави на конзервативни државници што имаат антиродови ставови и застапуваат и спроведуваат штетни политики за ЛГБТИ+-заедницата.

Во меѓувреме се објавуваат неколку колумни на протопрезвитерот Ивица Тодоров,[14] Биљана Ванковска,[15] Јанко Илковски[16] и Страшо Ангеловски,[17] како и став на директорот на Канал 5, Иван Мирчевски,[18] во кои Олимписките игри се нарекуваат пародија, декаденција и богохулие. Еден медиум објавува колумна на Ирена Цветковиќ во одбрана на различноста, нарекувајќи ги критиките на церемонијата *видлива манифестација на широката општествена нелагодност кон родовите диверзитети.*[19]

На 28 јули девет новинарски извештаи го пренесуваат извинувањето на организаторите на Олимписките игри, во кое се вели дека никогаш немало намера да се покаже непочитување кон која било религиозна група, меѓутоа,

11 Русија: Церемонијата на отворањето на ЛОИ беше неуспех – Екипа

12 Орбан во двочасовен говор се спротивстави на политиките на Западот - Радио Слободна Европа

13 Ердоган: Свеченото отворање на ОИ е морална навреда за христијаните и за нас - Info.mk

14 ПРОТОПРЕЗВИТЕР ТОДОРОВ: Мојот став за отворањето на ОИ во Париз! – Denesen.mk

15 Олимписко лицемерство и/или декаденција? - Нова Македонија

16 Пародирана Олимпијада - Република

17 КОЛУМНА НА АНГЕЛОВСКИ: Јавачите на апокалипсата на ОИ во Париз – Denesen.mk

18 Богохулие и декаденција - Директорот на Канал 5 бара олимписки дисциплини: Скок на стап и исфрлување во далечина - Expres.mk

19 Мажи во фустани, Олимписки игри и навредени души - Призма

и покрај тоа што организаторите негираа поврзаност на перформансот со „Тајната вечера“, извештаите продолжија и понатаму да ја употребуваат симболиката, особено преку наслови како **Организаторите на ЛОИ се извинија за пародијата на „Тајната вечера“**[20] и **Организаторите на Олимпијадата се извинија за ЛГБТ тајната вечера,**[21] што можеше да ѝ послужи на јавноста како потврда за претходните сомнежи и оправдана причина за револт. Освен тоа, во само четири извештаи се пренесува објаснувањето дадено од страна на креативниот директор на церемонијата на отворањето, Томас Жоли, за идејата перформансот да симболизира паганска забава поврзана со античките богови на Олимп и потеклото на Олимписките игри, од кои само еден извештај во својот наслов **Олимписката „Тајна вечера“ всушност е сцена од слика на грчките богови**[22] информира за настанатото недоразбирање.

На 29 јули започнуваат да се објавуваат новинарски извештаи поврзани со француската диџејка Барбара Буч, со наслови како **(ФОТО) РЕАКЦИИТЕ НЕ СТИВНУВААТ – Ова е Французинката која го „играше“ Исус на отворањето на Олимпијадата: „Јас сум дебела, Еврејка и квир лезбејка“**[23]**,** која беше дел од перформансот и беше критикувана од страна на јавноста дека го претставувала, а со тоа и исмевала Исус. Во повеќе од десет извештаи се пренесуваат различни информации за Буч, опишувајќи ја како ЛГБТИ+-активистка, додека шест од извештаите пренесуваат дека по нејзиниот перформанс на Олимписките игри започнала да добива смртни закани, навреди поврзани со нејзиниот изглед, полни со антисемитизам, хомофобија, сексизам.[24]

20 Организаторите на ЛОИ се извинија за пародијата на „Тајната вечера“ | Gol.mk

21 Организаторите на Олимпијадата се извинија за ЛГБТ тајната вечера - SPORTM.mk

22 Олимписката „Тајна вечера“ всушност е сцена од слика на грчките богови - Независен весник

23 (ФОТО) РЕАКЦИИТЕ НЕ СТИВНУВААТ - Ова е Французинката која го „играше“ Исус на отворањето на Олимпијадата: „Јас сум дебела, Еврејка и квир лезбејка“ » Ekran

24 „Ми се закануваат!“ Девојката која учествуваше во проблематичната сцена на отворањето на Олимпијадата трпи насилство, па поднесе тужба – Точка

## Одлука на Меѓународниот олимписки комитет за учество на две боксерки

Започнувајќи од 30 јули, и во следните неколку дена, се појавуваат осум новинарски извештаи што ја пренесуваат одлуката на Меѓународниот олимписки комитет (МОК) со која на боксерките Иман Келиф од Алжир и Лин Ју-Тин[25] од Тајван им дозволува да се натпреваруваат на Олимписките игри во Париз, а кои претходно биле дисквалификувани од страна на Меѓународната боксерска асоцијација (МБА) од учество во неколку светски првенства поради тоа што не ги исполниле критериумите за полова припадност. Оваа одлука на МОК извештаите ја претставуваат со употреба на сензационалистички наслови, како **Ужас во Париз: На двајца мажи им е дозволено да „тепаат“ жени на ЛОИ!**[26] и **Олимписки скандал: Организаторот дозволи мажи да боксуваат на женскиот боксерски турнир!**[27] Притоа, во различни новинарски извештаи може да се забележи употреба на различни, дури и контрадикторни информации поврзани со полот на боксерките, како на пример дека *паднале на тестот за пол,*[28] *го смениле полот,*[29] *имаат XY-хромозоми,*[30] *имаат високо ниво на машки хормони.*[31] Дел од извештаите пренесуваат и дека *боксерките се обиделе да ја измамат својата конкуренција, бидејќи се преправале дека се жени за да се натпреваруваат во својата конкуренција.*[32] Освен тоа, во половина од новинарските извештаи што ја пренесуваат оваа вест се забележува користење именки и заменски форми во машки род за боксерките.

25 И покрај тоа што во текстот се употребуваат презимињата на веќе споменатите лица, за боксерката Лин Ју-Тин ќе се употребува нејзиното име – Ју-Тин, со цел да биде во согласност со употребата во новинарските извештаи и да не доведе до недоразбирање.

26 Ужас во Париз: На двајца мажи им е дозволено да „тепаат“ жени на ЛОИ! – Sport1.mk

27 Олимписки скандал: Организаторот дозволи мажи да боксуваат на женскиот боксерски турнир! | Gol.mk

28 МОК го објасни приемот на спортисти кои претходно паднале на тестот за пол на боксерски турнир – IPON.mk

29 „ТЕПАЊЕТО ЖЕНИ СЕГА Е ОЛИМПИСКИ СПОРТ“! Родени како мажи, го смениле полот и сега боксуваат со жени – plusinfo.mk

30 На женскиот турнир добија дозвола да настапат и две боксерки за кои има сомнеж дека се мажи – Спорт манија

31 ИОК во одбрана на спорните боксерки на ЛОИ: „Во пасошите им пишува дека се жени“ – Спорт манија

32 Олимписки скандал: Организаторот дозволи мажи да боксуваат на женскиот боксерски турнир! | Gol.mk

> Двајца боксери на кои им беше забрането да учествуваат на светските првенства затоа што се сметаше дека се биолошки машки, добија дозвола да се натпреваруваат на Олимпијадата како жени.[33]

Следниот ден, само четири новинарски извештаи го пренесуваат образложението на МОК за донесената одлука, односно дека двете боксерки ги исполнуваат критериумите за натпреварување во Париз, меѓутоа пренесената изјава е површна, односно се фокусира на информацијата дека во нивните пасоши пишува дека се жени.[34] Само во еден од извештаите се цитира дел од изјавата на МОК дека *сите спортисти што учествуваат на боксерскиот турнир на Олимписките игри ги почитуваат прописите за подобност и влез во натпреварувањето, како и сите важечки медицински прописи во согласност со правилата 1.4 и 3.1 од Боксерската единица Париз 2024 година.*[35] Меѓутоа, во половина од овие извештаи повторно се употребуваат именки во машки род за боксерките.[36]

## Првиот боксерски меч на Иман Келиф

Првиот боксерски меч на Иман Келиф се одржува на 1 август, кога нејзината противничка, Италијанката Анџела Карини, по само 46 секунди го прекинува мечот, односно ја предава борбата. Притоа, наративот што е во фокусот на медиумите е дека Карини се повлекла зашто никогаш во кариерата не примила толку силни удари, што во медиумите е претставено дека Карини алудира на тоа дека Келиф е маж. Мечот покренува лавина новинарски извештаи (повеќе од 40), од кои десетина имаат и исти наслови, како **Италијанка во солзи по борбата со „маж“.**[37] Речиси сите извештаи имаат сензационалистички наслови во кои Келиф е претставена како маж, како на

33 Моментот кога транс-боксерката Имане Келиф ѝ задава брутални удари на противничката – откако доби дозвола да се бори на Олимпијадата како жена и покрај тоа што беше одбиена од Светското првенство | Мотика

34 ИОК во одбрана на спорните боксерки на ЛОИ: „Во пасошите им пишува дека се жени“ – Спорт манија

35 Паднаа на половите тестови на Светско, но ќе се натпреваруваат на Олимпијада | Off.net.mk

36 МОК го објасни приемот на спортисти кои претходно падналe на тестот за пол на боксерски турнир – IPON.mk

37 (Видео) Италијанка во солзи по борбата со „маж“ – Макфакс

пример **Стручната јавност е згрозена: „Светот дозволи маж да претепа жена пред очите на сите нас...“,**[38] **Скандал: Боксерка го прекина мечот бидејќи се бореше против биолошки маж,**[39] **Си го сменила полот, Алжирка удира како машко во рингот,**[40] **Биолошки маж од Алжир ја забележа првата победа на ОИ.**[41]

Она што е забележливо, и од насловите, и од текстот во извештаите, е дека медиумите продолжуваат да употребуваат различни дезинформации поврзани со полот на Келиф, односно ја претставуваат првенствено како маж или трансродово лице, притоа во неколку извештаи повторно се користат именки во машки род.[42]

> Многу критики стигнаа поради одлуката на роден маж што подоцна се „трансформирал“ во жена, да му биде дозволено да боксува во женска конкуренција.[43]

Еден новинарски извештај со наслов **Родовите прашања во женскиот бокс на ЛОИ: Контроверзии за две боксерки поради објава на руски функционер на Телеграм**[44] објавува кратка анализа на случајот со двете боксерки, давајќи увид во различните квалификациски правила и патот на двете боксерки до Олимписките игри во Париз. Меѓутоа, и покрај тоа што станува збор само за сомневање, извештајот директно ги поврзува дезинформациите за полот на Келиф *со една изјава од руски функционер објавена на Телеграм минатата година во која се тврди дека двете боксерски се трансродови лица, но и дека не постојат никакви докази или јавна изјава за да се покаже дека двете спортистки се идентификуваат*

38 Стручната јавност е згрозена: „Светот дозволи маж да претепа жена пред очите на сите нас...“ – Екипа

39 Скандал: Боксерка го прекина мечот бидејќи се бореше против биолошки маж - Sportski.mk

40 Си го сменила полот Алжирка удира како машко во рингот - Република

41 Биолошки маж од Алжир ја забележа првата победа на ОИ: Италијанка го предаде мечот по 45 секунди и пукна во солзи (ВИДЕО) – IPON.mk

42 Анџела да го напушти рингот и да му ја предаде борбата на својот ривал, за кој инсинуира дека е маж – A1on.mk

43 Алжирците застанаа во одбрана на боксерката која е родена како маж и од нејзе очекуваат да освои медал на ЛОИ – Спорт манија

44 Родовите прашања во женскиот бокс на ЛОИ: Контроверзии за две боксерки поради објава на руски функционер на Телеграм - Trn.mk

*како трансродови и двете се натпреварувале во женска конкуренција во текот на целата своја кариера.*

Два идентични извештаи ја пренесуваат официјалната изјава на Бугарскиот олимписки комитет, кој очекува одговорните лица на Олимписките игри да не останат рамнодушни во врска со учеството на двете боксерки на Олимписките игри, притоа пишувајќи за Келиф како алжирскиот боксер(ка), кој падна на тестостерон во 2023 година.[45] Неколку извештаи ја пренесуваат и изјавата на конзервативната италијанска премиерка Џорџа Мелони и на британската писателка Џ. К. Роулинг, која патем е позната по честите трансфобични изјави во јавноста,[46] кои го осудуваат учеството на Келиф во женска категорија. Еден извештај пренесува изјава на доктор Роберт Малоун, антиваксер и познат по ширењето дезинформации во врска со вакцините против ковид-19,[47] кој вели дека *Олимписките игри станаа срам со луди, измешани правила што немаат никаква смисла. Правила што одговараат на каприците на биолошките мажјаци, наспроти безбедноста на другите противници.*[48]

Во четири идентични извештаи се пренесува соопштението на српскиот клуб Ушче во кое испраќаат поддршка за Карини наведувајќи дека таа е вистинската шампионка, за што од клубот ѝ испраќаат златен медал.[49]

Веќе следниот ден, на 2 август, се објавуваат новинарски извештаи на различни теми поврзани со Келиф. Па така, во десетина извештаи, како Келиф**, сепак е женско –Карини ѝ се извини: Ако се сретнам со неа, ќе**

45 Бугарскиот олимписки комитет го иницира прашањето за родовата еднаквост на Олимпијадата - МИА

46 На пример, Џ. К. Роулинг изјави дека Законот за злосторства од омраза, кој беше донесен во Шкотска, им дава поголемо значење на чувствата на мажите што ја изразуваат својата замисла за женственоста, отколку на правата и слободите на вистинските жени и девојки. Види повеќе на: Џ.К. Роулинг: Законот им дава поголемо значење на мажите што се чувствуваат како жени, пред правата и слободите на вистинските жени

47 На пример, д-р Роберт Мелоун изјави дека има клучна улога во создавањето на вакцините мРНА, но во текот на пандемијата се појави како еден од најконтроверзните гласови на движењето против вакцините, против мејнстрим-сознанијата за коронавирусот и здравствената наука. Види повеќе на: Ниту науката потврдила негативни ефекти од вакцините, ниту имало Трет самит за Ковид

48 Д-Р МАЛОУН ЗА ПРЕТЕПУВАЊЕТО НА ЖЕНСКА БОКСЕРКА ОД МАШКИ БОКСЕР: Лудата и сурова реалност на ОИ во Париз штотуку стана полуда и посмртоносна – Denesen.mk

49 Италијанката за која сите зборуваат ќе добие златен медал од српски клуб - Макфакс

**ја прегрнам!,**[50] се пренесува извинувањето на Карини кон Келиф, имајќи ги предвид нападите кон Келиф што беа резултат на нејзината реакција за време на мечот. Во три извештаи се пренесува соопштението на Алжирскиот олимписки комитет во одбрана на Келиф и осуда за *неетичкото таргетирање и валкање на угледот на нашата истакната спортистка.*[51] Меѓутоа, поголем дел од извештаите (повеќе од десет), со наслови како на пример **Иман Келиф е сепак само силна жена**[52] и **Вистината за Иман Келиф: Таа е посилна од „обичните" жени, но сепак е... жена!**[53] споделуваат фотографии од Келиф како дете, на кои за многумина станува „очигледно" дека Келиф е родена и израсната како девојче. Освен тоа, се споделуваат и информации дека во Алжир се забранети операции за промена на полот. Од објавените извештаи, особено од насловите, може да се забележи дека, покрај сензационализмот, новинар(к)ите започнуваат да ретерираат од својата осуда кон Келиф, која беше присутна преку сензационализмот и родово-несензитивниот јазик што беше употребуван во извештаите во изминатиот период.

Само два извештаи го пренесуваат соопштението на МОК во врска со боксерките што беа тема на напади, за кои се вели дека *беа жртви на ненадејна и произволна одлука на МБА. Кон крајот на Светското првенство во 2023 година, тие одеднаш беа дисквалификувани без соодветна постапка.*[54]

Во медиумите се отвора дебата во врска со критериумите за квалификација во женска конкуренција, како и начините на кои се утврдува полот од страна на различни спортски организации. Па така, еден медиум објавува извештај со кратка анализа на критериумите за учество на натпревари на МОК наспроти оние на МБА, во која се вели дека спортистите не беа подложени на тестостерон, туку беа предмет на посебен и признат тест,[55] притоа наведувајќи референци од анализа на Њујорк тајмс, официјални соопштенија

50 Келиф, сепак е женско – Карини ѝ се извини: Ако се сретнам со неа, ќе ја прегрнам! | Gol.mk

51 Алжирците во одбрана на Хелиф: Нападите кон боксерката се неосновани – Курир

52 Иманe Келиф е сепак само силна жена - Либертас

53 Вистината за Имане Келиф: Таа е посилна од „обичните" жени, но сепак е... жена! - Локално

54 МОК ја брани одлуката за боксот – IPON.mk

55 Кој може да настапува во женска конкуренција - дебата откако Италијанката Карини се повлече од боксерски меч на Олимпијадата - frontline.mk

на МОК и МБА, како и други извори и коментари. Друг медиум прави хронолошка анализа на случувањата, вклучувајќи изјави од МОК, но и коментари на Мелони.[56] Во два извештаи се споменува средбата на претседателот на МОК, Томас Бах, со Мелони, во врска со боксерскиот меч меѓу Карини и Келиф, по која Бах изјавува дека се согласува со потребата да се подобрат научните методи во однос на проценката на состојбата на спортистите со карактеристики како што се покачени нивоа на тестостерон кај жените.[57]

Еден ист медиум објавува два извештаи во кои пренесува изјави на боксерскиот промотор Еди Херн[58] и боксерот Џејк Пол[59], кој учеството на Келиф го нарекува пародија и одвратно.

Во четири извештаи се пренесува изјавата на боксерката Ејми Броудхарст, како *последната боксерка што го победи биолошкиот маж*[60], во која вели дека Келиф *не направила нешто што може да се смета за „мамење“. Мислам дека е родена така и тоа е надвор од нејзина контрола. Фактот што веќе е претепана од девет жени кажува сè.*

Се објавуваат три извештаи дека **Уште една контроверзна боксерка ја расплака својата противничка**[61]**,** за тајванската боксерка Ју-Тинг, која во три рунди ја победува Ситора Турдибекова од Узбекистан, која пак со солзи во очите го напушта рингот, без потоа да даде изјава за медиумите. Во сите три извештаи повторно се употребуваат различни информации во врска со полот на боксерките, односно *родов тест и полов тест, хромозоми и вишок тестостерон, а во еден извештај Келиф и Ју-Тинг се наречени натпреварувачи со „контроверзен пол“.*[62]

56 Спор за полот на алжирската боксерка Имане Келиф – DW – 2.08.2024

57 Бах: Треба да се подобрат научните методи во врска со тестирањето на спортистите - МИА

58 Еди Херн за одлуката да им дозволи на личностите со машки хромозоми да се натпреваруваат со жени: Светот малку полуде – IPON.mk

59 Џејк Пол: Трансродови против жени во боксот? Тоа е опасна пародија – IPON.mk

60 Се огласи последната боксерка која го победи биолошкиот маж: Мислам дека не мами – IPON.mk

61 Уште една контроверзна боксерка ја расплака својата противничка – Фокус

62 Спорен полот на уште една боксерка во Париз - еве ја во четвртфиналето - Независен весник

## Пласман во полуфиналето за Келиф и Ју-Тинг

На 3 август веста дека Келиф обезбедува пласман во полуфиналето се пренесува во 15 новинарски извештаи, но дел од насловите повторно се засновуваат на сензационализам, како **Алжирската боксерка „претепа" и Унгарка, обезбеди медал па се расплака по борбата (ВИДЕО)**[63] и **Боксерката од Алжир која е обвинета дека е маж обезбеди медал и се расплака по мечот.**[64] Меѓутоа, исто толку извештаи го пренесуваат соопштението на МБА дека ќе ѝ додели парична награда на Карини, но во различни извештаи се пренесуваат различни информации во врска со висината на наградата, односно дел пренесуваат дека наградата е во висина од 50.000, а други од 100.000 долари. Освен тоа, во неколку извештаи се пренесува и изјавата на претседателот на МБА, Умар Кремлев, кој смета дека со учество на спортисти што не ги исполнуваат правилата се убива женскиот бокс.[65]

Осум новинарски извештаи ја пренесуваат изјавата на претседателот на МОК, Бах, во која се вели дека *говорот на омраза упатен кон боксерките Иман Келиф од Алжир и Лин Цу Тинг од Тајван е целосно неприфатлив*[66] и дека боксерките се *родени како жени, кои се растени како жени и на кои во пасошите им пишува дека се жени и со години се натпреварувале како жени.*[67]

Еден медиум објавува извештај за децениското проблематично управување на МБА,[68] во кој одлуките на МБА за дисквалификување на Келиф ги поврзува со руската мафија. Друг медиум објавува извештај **Зошто боксот е изложен на ризик да биде исфрлен од Олимпијадата во 2028 година**[69]**,** во кој се вели дека *иднината на спортот е доведена во прашање веќе некое*

63 Алжирската боксерка „претепа" и Унгарка, обезбеди медал па се расплака по борбата (ВИДЕО) – Екипа

64 Боксерката од Алжир која е обвинета дека е маж обезбеди медал и се расплака по мечот – Фокус

65 „Не разбирам зошто го убија женскиот бокс, не можев да ги гледам солзите на Карина" – Sport1.mk

66 Томас Бах: Говорот на омраза кон боксерката Келиф е неприфатлив! - Локално

67 МОК се огласи околу контроверзната боксерка: „Неприфатлив говор на омраза!" – Екипа

68 МЕЃУНАРОДНАТА БОКСЕРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, КОЈА ГИ ДИСКВАЛИФИКУВАШЕ БОКСЕРКИТЕ ХЕЛИФ И ЈУ-ТИНГ И Е ЗАБРАНЕТА НА ОЛИМПИЈАДАТА, ИМА ВРСКИ СО РУСКАТА МАФИЈА И ПРОБЛЕМАТИЧНА ИСТОРИЈА - Сакам да кажам

69 Зошто боксот е изложен на ризик да биде исфрлен од Олимпијадата во 2028 година - Локално

*време, главно поради фактот што МОК одбива да ја признае претходната федерација што го предводеше спортот на Олимпијадата – Меѓународната боксерска асоцијација. Боксот треба да најде ново раководно тело доколку сака да остане олимписки спорт.* Овој конфликт според извештајот произлегува од некои постапки што ја доведуваат во прашање кредибилноста на организацијата, меѓу кои и обидот да ги спречи украинските боксери да ја претставуваат својата нација и знаме.

Во три извештаи се пренесува статусот на Боксерскиот клуб – Скопје на социјалната мрежа Фејсбук, во кој во одбрана на Келиф се вели дека *само затоа што некој не се вклопува во класичните рамки на женската убавина, не значи дека не е жена,*[70] како и дека исклучувањето на боксерката се случува по исклучувањето на МБА поради финансиска нетранспарентност.

По квалификувањето во полуфиналето, на 4 август за прв пат во медиумите се пренесува изјава на Иман Келиф, во која таа вели дека е жена и дека *ова е победа за сите жени во светот.*[71] Но неколку медиуми сè уште употребуваат зборови како *контроверзна*[72] или *жена-маж*[73] за боксерката.

На 5 август МБА одржува прес-конференција, која ја пренесуваат осум новинарски извештаи. На конференцијата извршниот директор на МБА, Крис Робертс, вели дека тестирањата на двете боксерки што биле направени во 2022 и 2023 година покажале дека боксерките имаат XY-хромозоми, додека пак претседателот Кремлев изјавува дека тестовите требало да го утврдат нивото на тестостерон, кое кај двете боксерки се покажало високо, што не е во согласност со критериумите на МБА. Во еден од извештаите е наведен коментар дека имаше конфузија додека *Кремлев разговараше за зголемените нивоа на тестостерон, а Робертс зборуваше за тестови за хромозоми.*[74] Одговорот на МОК на соопштението на МБА го пренесуваат само четири извештаи, во кои се вели дека боксерките ги исполнуваат критериумите за

70 Боксерски клуб - Скопје: Само затоа што некој не се вклопува во класичните рамки на женската убавина, не значи дека не е жена – Brif.mk

71 Келиф по пласманот во полуфиналето: Ова е победа за сите жени во светот - МИА

72 Контроверзната Хелиф обезбеди полуфинале: Ова е победа за сите жени во светот! - SuperSport.mk

73 Боксерката жена-маж тврди дека е жена - Република

74 Шефот на меѓународната боксерска федерација бара Имане Келиф и други олимписки боксерки да докажат дека се родени жени | Мотика

учество на МОК и дека ќе останат да се натпреваруваат, отфрлајќи ги резултатите од тестовите спроведени од МБА како произволни и нелегитимни.[75]

Еден медиум споделува видео од Монти Пајтон во кое боксер се натпреварува во рингот со ученичка, која со секој удар ја совладува во рингот, во новинарскиот извештај со наслов **И МОНТИ ПАЈТОН ПРЕДВИДЕ КАКО ЌЕ ИЗГЛЕДА БОКСОТ НА ИДНИНАТА Ова видео е старо, ама визионерско!**[76]

Два медиуми известуваат дека Ју-Тинг се пласирала во полуфиналето, при што во извештаите се пренесува реакцијата на нејзината противничка, која алудира на претпоставените хромозоми на Ју-Тинг. Во три извештаи се пренесува изјава на руската боксерка Азалија Аминева, која вели дека ја нокаутирала Келиф во 2023 година и дека *подготвена сум пак да те нокаутирам, да ти вратам за сите девојки!*[77] Три медиуми пренесуваат став на филозофот Славој Жижек за **Еманципаторното значење на церемонијата на отворањето на Олимпијадата во Париз.**[78]

## Финалето и златниот медал

На 7 август веста дека Келиф се пласира во финалето ја пренесуваат седум новинарски извештаи, а веќе на 9 август и во следните неколку дена, околу 40 извештаи ја пренесуваат веста дека освојува златен медал на Олимписките игри. Повеќето медиуми Келиф ја опишуваат како *контроверзн*а боксерка, а дел употребуваат и сензационалистички наслови како **Алжирката збесна: Јас сум жена, престанете да ме малтретирате!**[79] и **Жената со машки хормони на убедлив начин стигна до златото на Игрите во Париз**[80].

75 МОК порача: Келиф и Лин ќе останат на Олимпијадата сè додека победуваат | 365.com.mk

76 И МОНТИ ПАЈТОН ПРЕДВИДЕ КАКО ЌЕ ИЗГЛЕДА БОКСОТ НА ИДНИНАТА Ова видео е старо, ама визионерско! – plusinfo.mk

77 Подготвена сум пак да те нокаутирам, да ти вратам за сите девојки! – Vecer.press

78 Еманципаторното значење на церемонијата на отворањето на Олимпијадата во Париз - Независен весник

79 Алжирката збесна: Јас сум жена, престанете да ме малтретирате! – Sport1.mk

80 Жената со машки хормони на убедлив начин стигна до златото на Игрите во Париз – Спорт манија

Притоа, голем дел од медиумите пренесуваат нејзини изјави за освојувањето на медалот во кои таа вели дека е *жена како и секоја друга*.[81]

Само еден медиум во текот на овој период објавува извештај што содржи интервју со ендокринолог[82], која се обидува да даде стручно објаснување за она што го нарекува нарушување во половиот развој, за кое претпоставува дека го имаат боксерките. И покрај тоа што самиот ендокринолог смета дека со оглед на различните информации што се пласираат во медиумите, не може да се утврди точно за каква состојба станува збор, сепак дава неколку можни состојби врз основа на јавно достапните податоци, кои повторно се различни во медиумите, и остава простор за шпекулација. Ендокринологот дава стручно објаснување за разликите во половиот развој и за нивното можно влијание во спортското натпреварување, притоа нагласувајќи дека е потребно да се дебатира на темата, со цел да се минимизира дискриминацијата и да се овозможи интеграција во спортот.

Во овој период се објавуваат колумни на Ѕвездан Георгиевски и Жарко Трајаноски[83] во кои пишуваат за антиродовата пропаганда и потклекнувањето на дезинформациите поврзани со Олимписките игри и со двете боксерки.

На 11 август Ју-Тинг освојува златен медал во својата категорија, што го пренесуваат четири медиуми, нарекувајќи ја контроверзна[84] и спорна[85] боксерка. Истиот ден во медиумите започнува да се пренесува веста дека Келиф поднесува тужба до париското обвинителство за сајбер-вознемирување, за *мизогинска, расистичка и сексистичка кампања*[86] насочена против неа за време на Олимписките игри. Во следните денови на оваа вест се надополнува информацијата (18 извештаи) дека во тужбата се споменати и конкретни лица, како писателката Џ.К. Роулинг и сопственикот

81 „ЈАС СУМ ЖЕНА КАКО И СЕКОЈА ДРУГА ЖЕНА“, ИМАНЕ ХЕЛИФ ОДГОВОРИ НА ОБВИНУВАЊАТА ОТКАКО ОСВОИ ОЛИМПИСКО ЗЛАТО - Сакам да кажам

82 Која е Имане Келиф? Контроверзната боксерка со оспоруван полов идентитет освои ОЛИМПИСКО ЗЛАТО – Femina.mk

83 Нова олимписка дисциплина на Русија: „Боксување“ со анти-родови дезинформации - frontline.mk

84 По Келиф, уште една контроверзна олимпијка освои злато во Париз, но сигурно е дека нема да ги гледаме на следните Олимписки игри - SPORTM.mk

85 И втората „спорна“ боксерка се закити со златниот медал на ОИ – IPON.mk

86 Контроверзната олимписка шампионка поднесе тужба поради „мизогинска, расистичка и сексистичка кампања“ – Vecer.press

на платформата Икс, Илон Маск, а *дека дел од истрагата ќе биде и поранешниот американски претседател Доналд Трамп.*[87] Истовремено се објавуваат три речиси идентични извештаи со наслови **Алжирската боксерка на суд ќе докажува дали е машко или женско,**[88] **Од врвот на пиедесталот, директно на суд: Поведена е истрага против контроверзната боксерка Иман Келиф**[89] и **Судот ќе каже дали алжирската боксерка е машко или женско.**[90] И покрај тоа што сите три извештаи имаат наслови според кои може да се заклучи дека против Келиф е поведена судска постапка, сепак во текстот на извештаите не станува збор за никаква постапка, само се пренесуваат информации за изминатите случувања поврзани со нејзиното учество на Олимписките игри.

Пречекот на Келиф во Алжир е пренесен во осум новинарски извештаи со наслови како **Иман Келиф херојски дочекана во Алжир**[91]**,** во кои се укажува на поддршката што Келиф ја има од алжирскиот народ.

На 13 август се појавува новинарски извештај што пренесува изјава на бугарската боксерка Јоана Нвамеру, во која таа за Келиф вели **Тврдам дека е маж, имам доказ!**[92] Во следните денови Нвамеру ја пренесуваат уште два извештаи, во кои таа изјавува дека имала неколку спаринг-сесии со Келиф и дека има *...евиденција за сè. Можам да потврдам дека ова е маж за мене. Машка сила. Машки техники,*[93] но од извештаите воопшто не е јасно за какви докази точно станува збор.

На 15 август и во следните неколку дена се објавуваат околу 20 новинарски извештаи во кои се пренесува слика на Келиф за која се вели дека таа *реши да покаже како изгледа кога е нашминкана и дотерана.*[94] Речиси сите извештаи имаат сензационалистички наслови со употреба на зборови како

87 Имане Хелиф ги тужи Џ.К. Роулинг, Илон Маск и сите кои ширеа омраза против неа - Trn.mk

88 Алжирската боксерка на суд ќе докажува дали е машко или женско - Република

89 Од врвот на пиедесталот, директно на суд: Поведена е истрага против контроверзната боксерка Имане Келиф – Машки магазин

90 Судот ќе каже дали алжирската боксерка е машко или женско - Pressing TV

91 Имане Келиф херојски дочекана во Алжир: Сите лажни обвинувања даваат посебен шарм на овој златен медал – Спорт манија

92 Тврдам дека е маж, имам доказ! – Vecer.press

93 Бугарка тврди дека боксерката од Алжир е боксер (ФОТО) - Pressing TV

94 Нашминкана и дотерана боксерка Имане Келиф во досега невидено издание (Фото) – Спорт манија

*шокира, невидено, неверојатно, неочекувано, контроверзно* итн. Оттука, има наслови како: **Нашминкана и дотерана, боксерката Иман Келиф во досега невидено издание,**[95] **Боксерот машко-женско се нашминка за да покаже дека е девојка,**[96] **Најоспоруваната боксерка во поинакво издание – шминка и облека како дама!,**[97] **Боксерката Иман Хелиф ја покажа женствената страна на личноста.**[98] Главниот наратив во овие извештаи е заснован на перпетуирање на родовите стереотипи за жена и женственост, односно дека со шминка и облека се „станува", односно се докажува дека некој е жена.

Само еден медиум на 17 август објавува извештај во кој е вклучена изјавата на Келиф за стравот што го почувствувала како резултат на реакциите во јавноста за време на Олимписките игри.[99]

На 19 август четири новинарски извештаи ја пренесуваат објавата на МОК дека имало повеќе од 8.500 навредливи објави против спортист(к)и на социјалните мрежи за време на Олимписките игри, при што *Келиф била особено изложена на значително непријателство на социјалните мрежи,*[100] додека еден новинарски извештај пренесува погрешна информација дека *над 8.500 навредливи пораки испратени кон олимписката шампионка Иман Келиф.*[101]

95 Нашминкана и дотерана боксерка Имане Келиф во досега невидено издание (Фото) – Спорт манија

96 Боксерот машко-женско се нашминка за да покаже дека е девојка - Pressing TV

97 ФОТО: Најоспоруваната боксерка во поинакво издание – шминка и облека како дама! | Gol.mk

98 Боксерката Иман Хелиф ја покажа женствената страна на личноста - Независен весник

99 Келиф: Не можам да го опишам стравот што го чувствував за време на ЛОИ – Спорт манија

100 МОК: Над 8.500 навредливи објави против спортисти на социјалните мрежи за време на Игрите во Париз – Курир

101 Олимписката шампионка Имане Келиф добила над 8.500 навредливи пораки - SuperSport.mk

## Анализа на коментарите на социјални медиуми

Според анализата на коментарите, може да се увиди дека медиумските написи само создаваат плодна почва за граѓаните и граѓанките да го репродуцираат говорот на омраза, потврдувајќи ги родовите дезинформации во своите коментари. Коментарите на социјалните мрежи преовладуваат со сексистички навреди, објективизирање на женското тело, особено на боксерките, родово-несензитивен јазик и поврзување на родовата еднаквост со социјалните проблеми во општеството. Низ стереотипизирањето на женското тело, но и директните навреди, се придонесува кон зголемена нетрпеливост, но и потенцијално нормализирање на родово-базираното насилство. Овие наративи што ги рефлектираат медиумските написи придонесуваат кон дехуманизирање на, во овој случај Калиф, но и на идните спортистки што нема да бидат во склоп на нормите и очекувањата за женските тела и изглед. Ваквите медиумски наративи имаат поширок општествен импакт. Кога медиумите систематски ги стереотипизираат жените, тие не само што влијаат врз начинот на кој се гледаат спортистките, туку и ги зацврстуваат длабоко вкоренетите родови нееднаквости во општеството. Ова создава циклус во кој јавноста е изложена на негативни пораки, што ги засилува веќе постојните дискриминаторски ставови кон жените.



Во споредба со претходните извештаи за родови дезинформации, каде што говорот на омраза главно се појавуваше во коментарите на социјалните мрежи, во овој случај примарен извор станаа новинарските извештаи. Ова претставува значителна промена, бидејќи наративите што содржат родови стереотипи и дезинформации сега произлегуваат директно од уредниците и медиумите или новинарските редакции, кои ја поставуваат темата во јавниот дискурс. Овој пристап уште повеќе ги засилува дезинформациите, бидејќи овие наративи, пренесени од медиумите, потоа се прелеваат на социјалните мрежи и стануваат основа за дискусии меѓу граѓаните. Освен тоа, што е интересно во споредба со претходните извештаи, овој пат насилството врз жените низ коментарите беше позиционирано како загриженост, додека вообичаено низ другите извештаи наидувавме на нормализирање на насилството врз жените преку релативизирање.




Ова медиумско поставување на темата ги зголемува тежината и распространетоста на антиродовите наративи, како што е користењето термини како „родова идеологија“, кои намерно создаваат конфузија и страв

меѓу јавноста. Со ова се легитимизираат дискриминаторските ставови и се зајакнува отпорот кон родовата еднаквост. Овој процес покажува колку е важно медиумите да бидат свесни за својата улога во формирањето на јавното мислење, бидејќи тие не само што го рефлектираат, туку и активно го создаваат и го засилуваат јавниот дискурс за родовите прашања.




Објективизирањето на женските тела преку социјалните мрежи ги намалува спортските постигнувања на жените и ги сведува на нивниот физички изглед, што доведува до намалена видливост и вреднување на жените во спортот.






Состојбата на социјалните медиуми го поттикнува митот дека жените не можат да бидат вистински спортисти или дека нивните постигнувања се помалку значајни во споредба со оние на мажите. Ваквите негативни наративи може да имаат трајни психолошки последици врз спортистките, кои се подложени на постојан притисок да одговараат на општествено конструирани стандарди за убавина и женственост. Наместо да се фокусираат на своите таленти и способности, тие често мора да се справуваат со навредите и критиките за нивниот изглед. Затоа е важно да се забележи дека ваквата медиумска покриеност може да обесхрабри многу млади девојки да се занимаваат со спорт, бидејќи ги гледаат дискриминацијата и објективизацијата на жените. Намалувањето на учеството на жените во спортот ја зајакнува сегрегацијата и ја одржува нееднаквоста меѓу половите во оваа важна општествена сфера.

# Завршна дискусија

Анализата на примерокот од 400 новинарски извештаи со родово базирани содржини што беа објавени за време на Летните олимписки игри во Париз укажа на **високо ниво сензационализам, особено во насловите на извештаите.** Како што беше укажано и во заклучоците од претходните анализи на родово базирани содржини во медиумите, честата употреба на сензационалистички јазик, особено во насловите, може да придонесе за површно донесување заклучоци од страна на публиката. Имајќи предвид дека во неколку случаи **насловите на извештаите не соодветствуваат со суштината на самиот новинарски извештај, се зголемува и можноста за ширење родови дезинформации, кои може да бидат основа за понатамошно ширење на родово-базиран говор на омраза и трансфобија.**

Преку насловите, но и во самиот текст на извештаите, често **се пренесуваат паушални информации, постои употреба на неконзистентна и/или несоодветна терминологија,** па така, на пример, се забележуваат случаи каде што во еден ист извештај се употребуваат различни термини за укажување на претпоставената полова неподобност на боксерките. Ова укажува дека **голем дел од новинар(к)ите воопшто не ја истражуваат проблематиката за која пишуваат, со што ризикуваат ширење дезинформации во медиумскиот простор.** Освен тоа, за ова придонесува и несоодветниот превод на извештаите од странски медиуми, што може да се забележи и во разликите на изјавите од различни говорници во различни извештаи.

Освен тоа, во оваа анализа се забележува дека главните дезинформации **доаѓаат токму од медиумите и од авторите,** додека пак на социјалните мрежи само се пренесуваат истите наративи веќе покренати од медиумите.

Во извештаите се пренесуваат **сувопарни изјави**, кои најчесто се преведени од извештаи на странски медиуми, при што **ретко се наведуваат изворите** од кои е преземена веста, а најчесто не се наведува ни авторот/ката на

новинарскиот извештај. Воедно, **не се прави проверка на тврдењата што се пренесуваат, ниту пак се дава критички осврт** на пренесените изјави.

Многу **мал број медиуми објавуваат подетални анализи** на проблематиката. Но дури и во случаи кога се објавуваат овие анализи, повторно се случува да се мешаат различни термини, односно да се употребува неконзистентна терминологија.

Во новинарските извештаи постои **неконзистентна употреба на родово-сензитивен јазик.** Ова е особено видливо преку честата употреба на именки и заменки во машки род за двете боксерки, а во некои извештаи се мешаат родовите во еден ист текст.

Преку новинарските извештаи повторно може да забележиме **перпетуирање на родовите стереотипи.** Во извештаите се потврдуваат стереотипите за тоа што значи „жена“ и „женственост“, односно дека со соодветна шминка и облека се „станува“, односно се докажува дека некоја личност е жена. На овој начин медиумите прават објективизација на жените, давајќи им „дозвола“ да бидат жени единствено доколку ги исполнуваат патријархалните општествени очекувања за нивниот изглед. Притоа, **придонесуваат за континуираната објективизација и дискриминација на женското тело во спортот,** кое иако служи како главен инструмент во спортот, сè уште е подложно на општествениот притисок за тоа како треба да изгледа и да се однесува, без разлика на тоа што тој притисок може да влијае на комфорот, самодовербата и успешноста на перформансот.

Имајќи предвид дека анализата опфати проблематика што е особено сензитивна, но и актуелна во изминатите неколку години, со порастот на антиродовите движења во земјава и светот, во новинарските извештаи сè уште постои **ниско ниво на свест за принципите на различност и недискриминација, како и за можните негативни последици од начинот на известување за сензитивни теми.** Притоа, во извештаите им се дава **поголем простор на негативните коментари и изјави** од страна на разни јавни личности што се познати по нивните конзервативни и трансфобични ставови.

# Заклучни согледувања

Врз основа на анализата на родово базираните содржини во новинарските извештаи што беа објавени за време на Летните олимписки игри во Париз, можеме да укажеме на неколку клучни согледувања:

- **Сензационалистичкиот јазик во насловите на новинарските извештаи сè уште е широко употребуван од страна на новинар(к)ите,** кои мора да бидат внимателни во формулирањето на насловите. Кога станува збор за сензитивна проблематика, тоа може да влијае на површно донесување заклучоци од страна на публиката и ширење дезинформации, особено во случаи кога насловите не соодветствуваат со суштината на самиот новинарски извештај.
- **Употребата на неконзистентна и/или несоодветна терминологија, како и несоодветниот превод на извештаите од странски медиуми,** може да придонесат за ширење дезинформации во медиумскиот простор. Затоа е потребно новинар(к)ите (подобро) да ја истражат проблематиката за која пишуваат и терминологијата што ја користат во своите извештаи.
- **Медиумските работници и новинар(к)ите треба да се подложат на обуки за родова сензитивност, препознавање и справување со родовите стереотипи и дезинформации.** Овие обуки ќе им помогнат да известуваат на начин што не ги легитимизира дискриминаторските ставови и ќе ги поттикнат да создаваат содржини што ќе ја промовираат родовата еднаквост.
- Не придржувајќи се до насоките за етичко известување, онлајн-медиумите **не се доволно транспарентни во однос на авторството на новинарските извештаи, како и назначувањето на изворите во новинарските извештаи. Освен тоа, во извештаите не се прави проверка на тврдењата што се пренесуваат, ниту критички осврт на пренесените изјави.** Во таа насока, потребно е медиумите да се придржуваат до насоките за етичко известување, преку проверка на

информациите, назначување на авторството и/или изворот, со цел тие да можат да се проверат од публиката, како и за преземање одговорност за напишаното.

- Доколку медиумите се држат до етичкото известување, ќе внимаваат и на просторот што го креираат за размена на мислења и дискусија. Затоа **се препорачува и внимателно модерирање на дискусиите со одржување на нивото на дискусија, поточно преземање мерки за говорот на омраза и сексистичките коментари на своите профили на социјалните мрежи.** Затоа, медиумите и платформите на социјалните мрежи треба да воспостават строги механизми за проверка на фактите заради спречување на ширењето дезинформации и говор на омраза. Оние што се вклучуваат во систематско ширење дезинформации треба да се соочат со лимитиран пристап кон јавноста, преку отстранување на содржините со говор на омраза.
- **За проблематиката што се обработува во новинарските извештаи во голема мера недостигаат детални анализи, додека се остава медиумски простор за конзервативни и** трансфобични ставови на разни јавни личности. Оттука, потребно е да се земат предвид стручните ставови и мислења на лица што се релевантни за областа, со цел да се намали ризикот од ширење дезинформации, а со тоа и родово-базиран говор на омраза и трансфобија.
- Потребно е **новинарките и новинарите да употребуваат родово-сензитивен јазик во новинарските извештаи,** особено преку конзистентна употреба на феминативи.
- **Постои континуирано перпетуирање на родовите стереотипи во извештаите,** со што се придонесува за континуирана објективизација и дискриминација на жените и спортистките. Медиумите треба да одбегнуваат користење на родово стереотипизирање и прикажување на жените исклучиво преку нивниот надворешен изглед, како и да креираат содржини за намалување на родовото стереотипизирање и превенирање на родово-базиран говор на омраза во медиумскиот простор;
- **Потребно е да се работи на подигнување на ниското ниво на свест за принципите на различност и недискриминација во**

**новинарските извештаи,** како и за можните негативни последици од начинот на известување за сензитивни теми, пред сè преку континуирана едукација на новинар(к)ите на овие теми и понатамошно креирање содржини што ќе ја кренат свеста на јавноста за овие теми.

Институт за
комуникациски
студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти